

**Најсилната страна на граѓанските организации во Радовиш е соработката помеѓу помалите и посилните здруженија,** најчесто фокусирана на отстапување простор и други ресурси при организирање активности. Ова беше истакнато за време на **Мобилниот ресурсен центар** на 24 април 2019 год., кој беше организиран со помош на Националната библиотека „Браќа Миладиновци“, здруженијата „Целор“ и „Круна Плус“, како и Општина Радовиш.

Организациите од оваа општина се соочуваат **со истите предизвици како и останатите здруженија од источниот регион: недостаток на едуциран кадар за пишување и раководење со проекти, потреба за обезбедување кофинансирање и недостаток на простор за работа**.

Учесниците на средбата ја истакнаа **потребата од луѓе со поголемо искуство кои ќе иницираат поголеми акции**, а воедно и ќе ги анимираат засега незаинтересираните млади да се вклучат во овој сектор. Исто така, тие имаат потреба од **поддршка да се вклучат во поголеми мрежи,** за заеднички активности и вклучување во креирање политики, особено на локално и регионално ниво.



Тимот на Граѓанскиот ресурсен центар исто така оствари **средба со Герасим Конзулов, градоначалник на Општина Радовиш,** на која се дискутираше за соработката со граѓанските организации.

**Локалната самоуправа доделува значителна финансиска помош на организациите на годишно ниво преку отворен повик, на транспарентен начин. Во моментов не постои стратегија и ревидирана методологија за доделување на средствата и следење на трошењата**, но сепак општината ја разбира потребата за финансиска

поддршка и зависно од проектираните приходи, **секоја година го планира и делот од буџетот наменет за здруженијата**
.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.